**оригинален научен труд**

**УДК 821.163.3:94(497)”1912/13”**

# ЧОВЕЧКАТА ВЕРБА, ЖЕЛБА И СУДБИНА ВО ДЕЛАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ПОСВЕТЕНИ НА ПЕРИОДОТ НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ

**Јасмина Мојсиева-Гушева**

*Институт за македонска литература, Скопје, Македонија*

**Keywords:** Balkan Wars, identity, Mitko Madžunkov, Kole Čašule, Atanas Vangelov, Slavko Janevski, faith, destiny, desire

**Summary:** The title of the topic is based on associative ventures and visions of the Macedonian writers Mitko Madžunkov, Kole Čašule, Atanas Vangelov and Slavko Janevski about the unfortunate destiny of Macedonian people during the Balkan Wars, who always fight against each other.

For centuries the Balkans have been a background of several major religions, a bulk of languages, not understandable for each other totally, having customs and habits which are stranger for Balkan neighbors than those of Western Europe. In this tiny region are concentrated various diverse models of cultures, which are scarcely known to each other. In such inherited environment, fairly late (in 19$^{th}$ century) started the struggle for establishing Balkan nation – states, i.e. political forms reunited around one ethnos, one religion, one language. Therefore, it is not strange that in the struggle were included all aggressive methods to resolve all national questions such as genocide, ethnic purging, violent movements, rechristening and renaming. All those events influenced forming characteristic features of the Balkans, such as hypocrisy, stubbornness, non-confidence, fear of new activity and of movement. All those features implemented in the character of the Balkans burden the process known as habitualisation, comprising of changing the unusual, unknown and foreign into usual, known and domestic. That process has difficulties in its functioning in the Balkans, because it is immediately connected with violence. Particularly, when the Balkans understand that peoples identity is not unique and that the word, being a whole so far, consists of a range of diverse and even antagonistic worlds. Afterwards conflict situations appear, so that everyone feels insecure and unsatisfied. Such statements can surely be confirmed by a range of examples in the Balkans' history. All of this human experience is elaborated in the works of Macedonian writers Mitko Madžunkov, Kole Čašule, Atanas Vangelov and Slavko Janevski. Having written about diverse civilizations, religions and nations, they uncover the roots of the contemporary conditions and events in the Balkans.

*Македонија не постои надвор од нас самите. Обѕрни се, истражи ја, истрадај ја низ сите балкански*

> *векови... низ европската и светската историја. Што ќе најдеш? Едно море, неколку езерски очи, една пустина, недоодени стрмнини, грамади од планини и гори, од црни гори и една река што ја полути на две и ја прави мост и крстопат на сите светски походи и странствувања.... Името нејзино и смислата нејзина не ќе ги најдеш во нив, туку во нас Македонците* (Чашуле. Простум. 1984:210).

Војните никогаш не се пријатни, разумни и паметни начини за постигнување на саканите цели. Тие се опасни, нејасни, матни, разулавени патишта на уништување по кои чекорат инволвираните страни. Посебно за нас, Македонците, опасни биле балканските војни во кои Македонија била поделена и распарчена меѓу соседите. Тие покажаа дека нема братство на Балканот, нема разумност во Европа, ниту солидарност меѓу христијаните. *„Македонија* - како што размислуваат јунаците на македонскиот писател Коле Чашуле во романот „Простум“ - во балканските војни *ја играше својата мелодрама пред благоутробните европејски ждригања и валцери... теат*ар *среде кој Македонецот ќе се јави во одеждата на питач низ историјата. А кој е питач, не е веќе сојузник, не е веќе рамноправен, нема самопочит, не го почитуваат ниту признаваат“* (Чашуле, 1984:217). Затоа, Македонецот со право се прашува: дали таа европска политика, тогаш пред сто години, е иста со сегашната; дали последиците од балканските војни и ден-денес ги чувствуваме и ги носиме како тешко бреме; и дали и сега како и тогаш Македонија е жртва на европскиот заговор?

Трагичните настани што се случувале со Македонија, прикажани автентично од македонска гледна точка, без многу патетичен говор, како што го изискуваат трагедиите, не со цел да предизвикаат сожалување, туку повеќе да се каже вистината за нанесеното зло на македонскиот народ, се предмет на интерес на повеќе македонски книжевни дела, од кои во оваа пригода избравме да зборуваме за романите „Простум“ од Коле Чашуле, „Кон другата земја“ од Митко Маџунков, “Див занес“ на Атанас Вангелов и расказот „Ни Балканците не се без судбина“ од Славко Јаневски. Во сите нив се опишани страдањата, прогонот, распарчувањата и уништувањето на македонскиот народ – мал по бројност, но со голема историја и име (Друговац, 1990). Во нив се излеани и стремежите и надежите на Македонците за своја држава, изневерата и геноцидот што го извршиле братските соседни народи врз нас, нивната алчност, себичност и

бесчувствителноста кон туѓата крв, но и македонскиот нагон за преживување, непокор, истрајност и верба за подобра иднина, искажано со еден збор – трагичната судбина на Македонците.

**Желба**

Балканските војни значат пораз за Македонија, можеби и потежок од поразот на Цар Самоил, бидејќи современата македонска трагедија започнува со тие балкански војни во кои се рушат сите надежи и верби на Македонеците, кои треба да бидат свесни дека ако сакаат да го постигнат она што го посакуваат, тогаш не треба да дозволат да ги задоволуваат желбите на другите. Не треба, Македонците, како што читаме во расказот на Славко Јаневски иронично насловен „Ни Балканците не се без судбина", да дозволат да бидат мобилизирани во турската војска... *како што биле мобилизирани и на други територии од војските што ја загрозувале Отоманијата* (Јаневски, 1972:11). Но, дали биле во можност да се спротистават на насилните мобилизации и што се случувало со нив ако го направат тоа. Ова прашање и неговиот одговор сликовито се илустрирани преку пишаните сведоштва на Теодос Антигон von Doiran од романот „Див занес" на Атанас Вангелов. Во романот се раскажува дека во 1912 година сите мажи во Дојран добивале покана да се јават, преку сигурен човек, на некојси потпоручник Лефтеров за кој не знаеле дали бил Македониц или Бугарин. Потоа човекот со полномошно од Лефтеров им кажувал што треба да прават понатаму. Доколку некој се осмелил да не се јави, а имало и такви, го снаоѓаала лоша судбина, бидејќи: *Луѓето на Лефтеров беа строги и безмилосни. Користеа „наказаниа" за пример. Ставаа под нож непослушни. Нивните куќи ги палеа веднаш. Така настрадаа двајца што одбиле да постапат по „зајавление". Едниот беше од Фурка, разбран и домаќин човек. Се уплашил и побегнал во Смоквица, кај сестра. Некој го кажал, таму го нашле. Потоа го одвеле ноќта крај Вардар, го заклале. Другиот исто така наш од село Карасуле, го нашле по три дена меѓу некои трски... таму или на друго место го задавиле. Потоа го фрлиле како мрша во ѓољот* (Вангелов, 2002:100).

Сосема јасна е положбата и надежта на луѓето од Македонија пред точно сто години. Пред сè, треба да се знае дека мора да се биде слободен, да се има сила и можности да се остварат желбите. Луѓето одамна мислат дека разумот управува со желбите и дека волјата постојано има увид во постапувањето, но се покажува дека не е секогаш така. Од овој пример, сосема јасно е зошто Македонците толку многу се радувале на божемното ослободување. И сосема

оправдана е нивната желба да се мечтае по нешто, да се очекува нешто, да се замислува нешто, да се чувствува дека со илузии ќе се нахрани нивната потреба за држава, бидејќи секоја потреба означува некој недостаток, а менталното претставување на она што е потребно е желбата која не може да се оствари без верба и борба.

**Верба**

Македонците имаа свој концепт за борбата, кој се состои од верувањето дека човекот единствено се развива преку *agon*. Тие знаат дека луѓето немаат искрена желба да им помогнат на другите, туку единствено сакаат да доминираат, да ја зголемуваат својата моќ и сила искористувајќи ја позицијата што им е дадена. Свесни се дека ако му се препуштиме на *другиот*, или ако чекаме *другиот* да направи нешто за нас, сето тоа на крај ќе заврши со неуспех, со откажување, со предавство, со изневерување. Истово се случува и со македонскиот народ за време на балканските војни. Ветувањата на братските бакански народи дека ќе ѝ помогнат на Македонија да се ослободи од Отоманската Империја биваат изневерени. Се завршува со пустош, немоќ, гнев и понижувања. Народот не очекувал од „ослободителите“ никакво зло, а бил нападнат, пљачкосуван, опожарен, силуван и убиван. Во тие војни, е отфрлено владеењето на Турците, наречено петвековно турско ропство, за да се наметне уште полошото српско, бугарско и грчко ропство со отворени асимилаторски тенденции. Во романот на Маџунков „Кон другата замја“, со наслов што асоцира на поделеноста на Македонија, читаме: *Долна Македонија е населена со дојденци, старите останале во малцинство... Топонимите се променети, имињата веќе ги нема. Ако старите изумрат нема да се знае дека сме биле, а не како некое место се вика...* (Маџунков:1993:231-234). Сето тоа Македонците го гледале, го чувствувале и го знаеле, но биле немоќни да реагираат поинаку, особено по неуспехот на Илинденското востание. Поточно, ситуацијата во која се наоѓало ВМРО, од една страна, и исконската желба за своја држава, од друга страна, ги доведува Македонците во незавидна положба на измамени губитници на кои им останува само надежта, желбата и вербата за подобар живот. Добра илустрација за она што се случувало во Македонија во тие години се искрените дијалози на протагонистите од романот на Маџунков кога се расправаат за македонштината: *„Кога дошле Бугарите не знаевте дека е окупација? Знаевме. И беше полошо одошто беше во прво б'лгарско кога луѓето кажувале дека е Бугарија мајка а не маќеа, како што велеа вториот пат* (Маџунков, 1993:171).

За разлика од тежнението на знаењето, тоа да биде претпоставка за верувањето, верувањето го шири сознајниот хоризонт. Знаењето не претставува основа за верувањето, туку еден проширен круг на сознание, кој го зголемува обемот на непозната реалност, која се јавува како предмет на човековите верби, желби и очекувања. Толерантна кон знаењето, вербата го одржува утопискиот потенцијал на духовната реалност надвор од рационално спознајниот свет. Вака би можела да се објасни причината зошто се јавуваат нереалните очекувања кај македонскиот народ во однос на помошта од своите соседи за конечно ослободување од Отоманската Империја и воспоставување на сопствена држава.

**Изневерени очекувања**

Наместо да донесат слобода балканските војни им донеле само страдања на нејзините жители. Во романот на Маџунков се опишани ситуациите кога во 1913 година Бугарите навлегуваа на македонска територија со изговор да ги ослободат своите браќа Македонци од Грците и од Србите, а всушност само допринеле да се изврши геноцид врз македонското население: *И тогаш бегањето настана од стравот дека православните ќе ги исколат православните во зависност на која црква им припаѓаат* (Маџунков:1993:172). Како што е општо познато *сите војни започнуваат со грижа за луѓето, со човековите права, со желба за ослободување, со борба за вистината и правдата, а завршуваат со општо страдање и губење на сè, еднаш и засекогаш* (Маџунков:1993:299). Во романот на Маџунков ги наоѓаме податоците: *Во 1910 година градот Струмица имал 25 илјади жители, а само неколку години подоцна пет пати помалку и тоа вкупно со бегалците дојдени од јужните краеви. Во јанг'нот изгореле не само две илјади куќи и сите цркви и дуќани и сè друго што го прави градот град, туку и неговата душа стара колку историјата* (Маџунков:1993:175). Македонците беа пљачкосувани, убивани и прогонувани од своите вековни огништа. Како која власт ќе дојдела, врз нив вршела невидени репресии: *Турците вршеле зулуми. Бугарите ја ограбиле црквата Св. Илија каде дојранчани ги оставеле на чување сите свои драгоцености, токму по наговор на „ослободителите" – потоа ја запалиле и си отишле. Грците со своите сојузници го протерале народот од долна Македонија во вечно прогонство... Србите верувале дека она што го ослободиле е свое, а што е „свое" најлесно се уништува* (Маџунков, 1993:225-226). Но страдањата на Македонците не беа единствени. И припадниците на другите народи, кои живееја тука, од сегашни и од поранешни времиња страдаа подеднакво и не помалку ѕверски. Кога

почнала војната, христијаните желни за освета за своето петвековно ропство и зулуми што ги трпеле од Турците, многу невина турска крв пролеале, палејќи ги сите турски куќи, кои претходно ги ограбиле, како и џамиите, а и цели турски села. Турската војска го оставила на милост и на немилост на балканските освојувачи своето население, кое бегало во колони пеш од сите страни на Империјата. Земјата македонска станала симбол на крстосување на туѓи интереси, на изневерени очекувања и вечно страдање.

Современите истражувачи на историјата го откриваат турбулентното балканско минато во меѓусебната испреплетеност на различните културни, религиски, социјални и идеолошки влијанија (Историја, 2003). Во таа меѓузависност на различностите, согледани преку односите на историјата и на митовите, неминовно се јавува и феноменот на предавството. Доколку антрополошки се согледува овој феномен, тогаш матрицата на неговото создавање можеме да ја препознаеме како форма, која не е својствена за однесувањето на единките, туку обратно, како однос на заедницата кон единката. Односно, колективот не ги воспитува своите членови да го загрозуваат неговото постоење. Напротив, принципите на заедницата, засновани на начела, кои го овозможуваат неговиот витален развој, јасно ја истакнуваат непожелноста на предавството како експлицитно негативен морален чин, кој најстрого се казнува. Со многубројни казнени пресуди дејствувала и ВМРО, како единствена организација на македонскиот народ. Таа морала да работи во конспирација, при што предавниците, по судењето од страна на организациските одбори, тројката ги ликвидирала безмилосно. Овој заштитен одбранбен механизам се активира при секое длабоко чувство на загрозеност какво се манифестирало за времето на балканските војни кога Србија, Бугарија и Грција склучуваат таен договор да ја распарчат Македонија, со асистенција на Европа, односно со големите сили. Присутното чувство на загрозеност и страв од *другите* ја раѓа идејата за фанатизација и изразување на екстремна нетрпеливост и кон надворешниот непријател и кон внатрешниот - во сопствените редови, кон оние што поинаку мислат (ВМРО, 1993). Во тие мрачни времиња, како што забележува Коле Чашуле во својот роман „Простум“: „*... и мислата на човек дури треба да оглуве*“ (Чашуле,1984:81). Во истиот роман понатаму читаме дека еден од истакнатите македонски револуционери - Ѓорче Петров говори: „ *од себе мртов не се плашам, од себе мислешт и жив се плашам. Зашто само можноста да се мисли, само можноста да се продолжи животот можат да родат од себе и премалување и самопоткопување кон кого сме особено*

*податливи ние челниците и раководителите на бунтот – да станеме предатели и џелати*“ (Чашуле,1984:209).

Кризата од тоа време ја потенцира потребата за јасно профилирање на сопствените интереси за ослободување на Македонија преку самоконтрола. Механизмот на тоа сепарирање и отстранување на *другите* како непожелни, го изнудува нивното жигосување како предавници. За време на балканските војни македонците се бранеле со четите на ВМРО, со најтешките и опасни нешта, со диверзија и дејствување на тројките, зашто тоа било потребно, за да опстоиме. Иако нè осудила историјата само на порази, низ ова наше распаќе на светски страсти и апетити, ние сепак сме опстоиле благодарение на механизмот на самоодбрана, зашто како што Чашуле нагласува во романот алегорично насловен „Простум“: „*Најголем, најсилен и најкрвожеден и најлут непријател на Македонија не се тие, крвниците и поробителите ... не се тие силниците, армадите ... тие не можат и нема да успеат да ја искорнат Македонија. Порано или подоцна таа се јавува достојна и жива. Никој никогаш не ќе ја искорне, никогаш, ако ние самите не ја искорнеме* (Чашуле,1984:212-213)“.

Опстојувањето на Македонија, која не постои надвор од нас самите, е можно сè додека се сеќаваме на нашите вредности, на адетите, на благословите, на заветите дадени пред нашите предци. Сè додека сме цврсти и подготвени за нови предизвици, сè додека умееме да балансираме меѓу сопствените и туѓите (оние на нашите соседи) желби и калкулирани можности, сè дотогаш нашето опстојување ќе биде реално. А кога ќе дојдат неволјите, е потребно да се бориме и да не очекуваме помош од другите. Уште поважно е да ги откриваме грубите сенки во нештата, да си ги признаеме своите слабости и негативности, да се ослободиме од сопствените грешки и предрасуди, и да настојуваме реално да гледаме на работите. Поточно, треба јасно да се согледаат и да се разграничат фактите меѓу она што сме, што си замислуваме дека сме, и што сакаме да бидеме, но не сме, и веројатно никогаш нема да бидеме. Иако сметаме дека Македонија никогаш нема да се откаже од она што сака да го постигне, затоа што веруваме дека само оној што не се бори, е победен. Сè додека се бориме, сè додека бараме некое право, се чувствува дека постоиме.

**Судбина**

Овој активен принцип на живот како да е нашата судбина, запишана во гените, заедно со неможноста да нè разберат и лошите навики на соседите да нè присвојуваат. Во тие мигови на несреќни

збиднувања, почнуваме да размислуваме за судбината, обвинувајќи ги гените на нашите најблиски предци или сплетот на околностите во кои сме приморани да живееме без наша желба. Немајќи избор да ја смениме околината, се жалиме на судбината или на предодреденоста на случувањата врз кои не може да се влијае. Во тоа не играат никаква улога ниту нашите: умешност, вештина, активност, ниту пак знаењето.

Всушност, луѓето својата почетна предодреденост, бидејќи доаѓаат на свет без своја волја и можност на избор на социо-културната средина и на временскиот период, ја проектираат во иднината како целосна предодреденост и ја нарекуваат судбина. Независно од верувањето за неминовноста на судбината, која, во древните времиња, била поврзувана со волјата на божествата, одделните претчувства за иднината се поврзувале со живата магиско-религиска практика, која настојувала да воспостави одредена контрола над стварноста (Harrison,1903). Во текот на историјата се развивало и сознанието дека човековиот живот суштествено зависи од неговиот карактер и дека тој е, всушност, неговата судбина. Преку таа своја желба, со изразувањето на својата слободна волја да може да влијае на промената на светот, човекот го откривал судбинското и во надворешните сили и во самиот себеси. Односно, релативизацијата на предодреденоста како надворешен, божествен чинител, не е резултат само на човековата активност, туку и на промените на самите околности. Активноста на човекот и неговото знаење често се некорисни, ако, како во примерот со балканските војни, сè зависело од големите сили. Ситуацијата секако дека не можел да ја поправи некој професор од прилепската гимназија во 1912 година, или некој учител од Галичник, лекар од Битола, правник од Струмица или трговец од Дојран итн.

Овде го поставуваме прашањето: кога можеме да се спротиставиме на судбината, односно кога и во какви околности можеме да ја промениме судбината? Одговорот секако зависи од силината на околностите во кои се наоѓаме. Ако е прејака таа сила, тогаш можностите на нашето влијание се намалени. Но, ако се умерени или слаби, тогаш се зголемува можноста за влијанието на нашата слободна волја. Таквата ситуација никако не смее да се пропушти. Во однос на ослободувањето на Македонија, ако гледаме наназад, на изминатите историски шанси, а посебно ако се задржиме на анализите на нашите погрешни и несреќни чекори и ги согледаме нивните последици, често не сфаќаме како сме можеле да бидеме во таква заблуда да пропуштиме да го сториме она што требало да го сториме во вистинското време.

Можностите за активно учествување во животните случувања не се секогаш исти, зашто и односот на надворешните сили и нашите настојувања не е секогаш рамноправен. Доколку би било кренато Илинденското востание значително порано (во времето кога го правеа тоа соседните народи) или подоцна (по Хуриетот – Младотурската револуција), настаните околу осамостојувањето на Македонија би се одвивале во поповолни околности и исходот би бил различен од сегашниот. Ако судиме строго, вистинито и објективно, ќе откриеме дека во Првата балканска војна дејствувањето на четите на ВМРО значително го олеснуваат напредувањето на српските војски, што веднаш се покажало како грешка (Историја, 2003). Евидентно е дека за сторените грешки во минатото, за лошите процени, за ненавремени активности, за неспособности да се сплотуваме, за некои свои склоности да им веруваме повеќе на другите одошто на себеси и денес страдаме.

Многумина ја сметаат судбината за натприродна сила, која ги предодредува сите случувања, други пак мислат дека самите управуваат со себеси и со своите животи, сметајќи се за слободни. Како Македонци, се прашуваме дали треба фаталистички да гледаме на работите, кои и по сто години не можат да се поправат? Ако го одредува нашиот живот судбината, тогаш зошто бесцелно се трудиме да ја измениме кога ништо не зависи од нас? Македонија во 1912 година не можела да стане против волјата на една воинствена Србија, против една братска Бугарија, која располагала со двесте илјади војници, против една христијанска Грција, која е ослободена порано, за да го спречи своето распарчување. Сепак, некои работи како симпатиите и антипатиите, нетрпеливоста и омразата, пријателите и непријателите, не зависат само од околностите или од судбината. Најголемите непријатели најчесто се наоѓаат во нас самите, во нашата работа, во нашето однесување, отпор, непокор, во сфаќањето на сопствената ситуација, во ролјите што ги толкуваме, намерите што ги имаме, целите што си ги поставуваме, стремежите што ги негуваме, искуството што го имаме и најмногу, од својата волја, од вербата во слободата, како највисока вредност. Вообичаено во кризни времиња, човекот размислува за своите несреќи и маки, за различните видиви фрустрации, неволји, болести, конфликти, закани, понижувања, навреди, измами, обвинувајќи ја сопствената судбина. Губејќи ја надежта дека животот може да се поправи, мисли дека судбината е причина за неговите страдања. Тој прави голема грешка ако мисли така.Бидејќи секој човек треба да биде задоволен со судбината и од секоја ситуација треба да извлече што е можно повеќе. Секако дека

Македонија минува низ тежок пат. Поради таа своја несреќа, поради неправдите што се направени во балканските војни, поради сите тегоби, неволји и страдања, многу е важно да не изгуби храброст, верба и надеж, да ја задржи способноста да дејствува и да не ја префрли целата вина врз судбината, врз големите сили, кои ја кроеле таа судбина. Да не се казнува со самообвинувачко однесување, да не си наштетува себеси, туку добро да размисли како да се поправат сторените грешки, како да се простат лажните ветувања на соседите. Се сметало дека со балканските војни ќе се ослободи една нација, еден народ, кој е поробен пет века, а се случува една хипокризија, еден поредок се заменува со нов, поцрн од претходниот, едно ропство се сменува со друго ропство. Тоа е судбината кога е во прашање Македонија – поробителите секогаш се претставуваат како сојузници. Како што забележуваат македонските писатели во своите дела посветени на овој проблем, во тие тешки и безнадежни ситуации: *Мајтапот е наш напад и одбрана, наша сила и кукавност наша, богатство и сиромаштија наша, мудрост и безумност наша и јунаштво и наш уплав, наша лудост, наша грижа и наша утеха, одмазда, убивреме, самоизмама и несоница* (Чашуле,1984:124-125). Хуморот секогаш е присутен кај македонскиот народ. Како што велат јунаците на Вангелов: *Во војните се гинело, а шегата била важна. Таа го бркала стравот кој доаѓал од секаде...* (Вангелов, 2002:9). Мајтапењето е психолошки механизам, кој се јавува како смртоносно оружје за да може да се опстане (Чашуле,1984:126-127). Хуморот во такви ситуации е единствено средство преку кое, Македонецот, храбро може да ја искаже својата вистина. Како пример ја наведуваме средбата на еден од Чашулевите јунаци Стариот со српскиот крал Александар на собирот на Црната рака (српска четничка организација). Кога дошол Александар во Македонија, Стариот му рекол на кралот, предизвикувајќи го: „*Без луѓе како мене, без Бугари како мене... сакам да речам којзнае дали вие Србите би постоеле уште во Македонија. Ние сме вашата сила, макар што сме и вашата отрова. Лошо ќе биде овие ваши испратеници да владеат и да се богатат овдека, ако заборават на таа проста вистина*“ (Чашуле,1984:47-48). Со оваа своја изјава Стариот истовремено се пошегувал со освојувачките побуди на српскиот крал, но и со чудната судбина на Македонците, тие исти поробувачи да зборуваат за нив како за србомани, бугарофили и гркомани. Со право се прашуваме, каде се тука Македонците? До кога ќе дозволуваме да нè присвојуваат? Што ќе остане од нас во иднината? Или како што вели Маџунков: *Што останало од нас зад метежот на историјата? Кој е оној средишен збор околу кој доброволно се собира*

*сета животна стварност... Нели тоа е името, за да бидеме трајни и непроменливи. Гледај чудо не смееме да се именуваме* (Маџунков, 1993:269).

Свесни сме дека она што се нарекува судбина секогаш е некоја грешна ситуација намерно наметната однадвор. Но, и свесни сме дека не треба да ја обвинуваме судбината кога ја прифаќаме ние сами. Кога се откажуваме да го побараме она што ни следува, плашејќи се дека во светот кој е заеднички, ќе дојде до нови крвави поделби. Свесни сме дека некои направени грешки тешко се поправаат и со право се прашуваме: која е цената што треба да ја платиме? Се разбира, секој ги истакнува своите аргументи, секој има свој агол на гледање, секој има свое мислење, свои ставови. Но, вистината не треба да се премолчува, да се потиснува и да се гуши. Таа треба да излезе на виделина, треба да се почитуваат фактите дека Македонија со балканските војни не го добила она што го очекувала – слобода на сите свои територии.

**Литература:**


Вангелов, Атанас.2002. Див занес. Скопје:Култура.

Друговац Миодраг. 1990. Историја на македонската книжевност. Скопје:Мисла.

Златна книга 100 години ВМРО. 1993. Скопје:Глас на ВМРО-ДПМНЕ.

Историја на македонскиот народ. 2003. Скопје:ИНИ.

Јаневски Славко. 1972. Ни балканците не се без судбина. во Омарнини. Скопје:НИП „Нова Македонија“.

Маџунков, Митко. 1993. Кон другата земја. Скопје: Култура, Македонска книга.

Harrison, J.E. 1903. Prolegomena to the Study of Greek Religion. Cambridge.

Чашуле Коле. 1984. Простум. Скопје:Мисла.